ТЕМА: ТЕОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРАТА

ЕПИКА

Проф. Емона Јованоска
СОУ Гимназија„Мирче Ацев“-Прилеп
2012/13 г.



ПОИМ

- Епиката е еден од трите рода во литературата.
- Епиката е раскажувачка уметност
- Епиката е претставувачка/миметична уметност
- Зборот епика
  потекнува старогрчката придавка ἐπικός (*епикос*),
  од ἔπος (*епос*) што значи збор, говор, приказна

НАДВОРЕШНИ БЕЛЕЗИ

1. **Дискурс** –

- Стих (постар начин на пишување)
- Проза
- Во основа епиката е раскажување за нешто или за некого: личност,случка,настан , појава.

ВНАТРЕШНИ БЕЛЕЗИ (елементи на раскажувањето)

1.НАРАТОР (раскажувач)

- Тој е „гласот“ кој раскажува – се остварува преку граматичките можности на јазикот
- Тоа е измислено, непостоечко „книшко“суштество- го има во текстот, во книгата, никако во реалноста
- Тој е посредник меѓу она што се раскажува и читателот
- Никако не треба да се изедначи наратор/писател

ВИДОВИ НАРАТОР

- **тој** - наратор(раскажувач во 3 л.)или er - форма наратор(герм.) кој може да биде **сезнаечки** (знае се, знае како некој се чувствува, како размислува итн.) и
- **сеприсутен** (се наоѓа во исто време на повеќе места).
- тој не се јавува како директен учесник во делото,па се добива впечаток дека се се одвива надвор од неговата волја
- **јас**-наратор (раскажувач во 1 л. ед.) или ich- форма наратор(герм.)
- се нарекува и **персонален** наратор
- тоа е и е еден од ликовите во делото.
- (кај ваквиот наратор постои опасност да се изедначи со авторот).

2. НАРАЦИЈА

- Тоа е начинот на кој се раскажувани настаните, случките
- Видови наративи:
- **Хронолошки тип:** настаните се раскажуваат по хронолошки редослед – од почетокот до крајот(пр.од раѓање до смрт)
- **Паралелен тип:** се раскажуваат паралелно две или повеќе приказни кои се блиски на темата, па потоа се слеваат заедно
- **In medias res тип:** раскажувањето почнува од некоја случка (пр. од смртта на јунакот) па се враќа наназад или оди напред
- Објективно раскажување - непристрасност
- Субјективно раскажување: поистоветување со некој од ликовите

3. НАСТАН, ФАБУЛА,СИЖЕ

- **НАСТАН**-подразбира опишување на процеси,акција, дејство, случки
- **СИЖЕ** – редоследот на настаните така како што ги подредил авторот во делото (може да не бидат по хтонолошки редослед)
- **ФАБУЛА** – ја сочинуваат опишаните настани причинско-последично наредени;
- фабулата ја конструира читателот откако ќе го прочита текстот;
- Совпаѓање и несовпаѓање на фабулата и сижето

4. ЛИК; АТРИБУТИ НА ЛИКОТ

- вршител на дејството, учесник во настаните, има улога на субјект и објект;
- Во текстот тој (јазично) е именски збор:именка, заменка, придавка,број
- Како ликови, освен луѓето се среќаваат: животните, растенијата, предметите, измислените суштества и апстрактните поими
- индивидуализирани ликови - посебни, специфични
- типизирани ликови -особини од повеќе личности собрани во еден лик; на пр.: особини на многу скржавци - тип на скржавец.

АТРИБУТИ НА ЛИКОТ

- Тоа се особините, белезите, својствата на ликот што се осознаваат додека се чита делото.
- нив ги кажува нараторот, другите ликови или самиот лик.
- Белезите се откриваат и преку постапките или дијалозите со другите ликови.
- Без разлика колку животно искуство внел авторот во своето литературно дело (колку главниот лик е автобиографски), сепак секое дело е литературна творба (конструкција), а не животна вистина.

5. ТЕМА

Тема е она за што се зборува во едно дело. Тоа е поопшта содржина претставена во една реченица.
Мотивите се помали делови од општата тема.

Темата не може да се открие само од насловот.

Темите во епските дела се неограничени и разнообразни, каков што е и животот.

ИДЕЈА

- **Идејата** е главната поента во делото, пораката на авторот (она што авторот преку нараторот сакал да го каже).

- Идејата е обликувана во конкретна случка и обратно, случката што е раскажана треба да поттикне размислување каква идеја се крие во тоа што е раскажано

6.Композиција на епското дело

- Тоа се деловите од кои е изградено епското дело
- Елементи на композицијата (според традиционалната теорија на литературата) се:
- **Експозиција -**еден вид вовед во темата
- **Заплет** -во какви околности се развиваат случките што ги доживуваат ликовите.
- **Кулминација** -кога недоразбирање то е изразено најсилно.
- **Перипетија** -неочекуваните случки во фабулата
- **Расплет**

7. Епска широчина и објективност на раскажувањето - епска техника

- С е постигнува со методите на :
- **Ретроспекција -** навраќање назад во животот на ликот за да се расветли појасно некоја негова постапка, или карактерна особина
- **Интроспекција-** се открива внатрешниот живот на ликот со сите нијанси на психата.
- **Објективност -** раскажувањето во епското дело е спокојно, бавно со детални описи на ликовите и појавите.

РЕТАРДАЦИЈА – забавување на дејството/нарацијата; не се оди веднаш на расплетот туку се внесуваат проширувања . Се постигнува со следниве средства:

1. дигресија (digressio)- раскажувањето се прекинува со подолг опис на лик, настан кој што не е директно поврзан со фабулата

2. епизода (epeisodos- додаток) – поголема, тематски заокружена дигресија; дури може и сосема да се издвои од текстот и да постои како посебно дело.

3. повторување - средство за забавување на дејството, но служи и како потсетување на читателот на фабулата заради поголемите дигресии и епизоди

4. постојани епитети

8. ЕПСКИ ФОРМУЛИ

- Формула- образец, правило, пропис, одредба
- **Епски формули** – постојани изрази(збир од зборови) кои се непроменливи во исказот
- Потипични се во народната епика
- **Воведни формули** – секој жанр си има свои типови : *си бил еден (цар, крал, селанец, човек...);* во прозата.
- **Финални формули** –среќен крај *(и си живееја среќно до крајот на животот)*; да се потенцира веродостојноста на раскажаното *(и јас го видов кога...)*; да морализира *(тебе лага мене вистина)*
- **Формули за воведување нов лик; за местото и времето**

ПОДЕЛБА НА ЕПИКАТА

дискурс	мали епски дела	средни епски дела	големи епски дела
стих (поезија)	епска песна	јуначки еп	еп/епопеја роман во стих
проза	<u>Едноставни форми:</u> легенда сказна басна анегдота сага виц загатка афоризми/сентенци пословица поговорка	Расказ/приказна повест новела	Роман : (роман-хроника, роман-есеј, антироман)